Универзитет
„Св. Кирил и Методиј'', Скопје
Природно-математички факултет

Предлог проект за измени и дополнувања на трет циклус - докторски студии **математички науки и примени**

ПРЕДЛАГАЧ И ОРГАНИЗАТОР:

Институт за математика на Природно-математичкиот факултет

при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

С О Д Р Ж И Н А

1. Карта на високообразовната установа 4
2. Одлука за усвојување на студиската програма од наставно-научниот совет на единицата.....4
3. Одлука за усвојување на студиската програма од ректорската управа или универзитетскиот сенат 6
4. Научно-истражувачко подрачје, поле и област каде припаѓа студиската програма 6
5. Степен на образование..... ..6
6. Цел и оправданост за воведување на студиската програма.....6
7. Години и семестри на траење на студиската програма.....7
8. ЕКТС кредити со кои се стекнува студентот.....7
9. Начини на финансирање 7
10. Услови за запишување 7
11. Структура на студиската програма согласно правилникот за организирање на докторски студии на единицата, број на предвидени предмети и стекнати кредити како и број на кредити стекнати со изработка на докторскиот труд.....7
12. Податоци за просторот предвиден за реализација на студиската програма .11
13. Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма 11
14. Предметни програми 12
15. Список на наставен кадар 12
16. Изјави од наставниците за давање согласност за учество во реализацијата на наставната програма 13
17. Согласност од високообразовната установа за учество на наставникот во реализацијата на наставната програма 13
18. Информација за бројот на ментори 13
19. Информација за бројот на студенти за запишување во прва година на студиската програма 13
20. Информација за бројот на наставници во полето, односно областа неопходни за организирање на докторски студии 13
21. Информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература 13
22. Информација за веб страница..... 14
23. Информација за реализација на научноистражувачки проекти со кои се опфатени 20% од наставниот кадар 14
24. Научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма.....14
25. Обезбедена меѓународна мобилност на студентите..... 15
26. Активности и механизми преку кои се развива и одржува квалитетот на наставата 15
27. Дескриптори на стенатите квалификации..... 15
28. Реализација на студиската програма.....18
29. Извештај од 34-та седница на одборот за соработка и доверба со јавноста на Природно-матемтичкиот факултет во Скопје, одржана на 30.11.2017 година ...18

АНЕКС 1 Содржини на предметите од студиската програма
АНЕКС 2 Биографии на наставниците вклучени во студиската програма
АНЕКС 3 Карта на високообразовната установа
АНЕКС 4 Согласности на наставниците вклучени во студиската програма
АНЕКС 5. Согласности на Институциите нивни наставници да бидат вклучени во студиската програма
АНЕКС 6.Одлука за усвојување на студиската програма од Универзитетскиот сенат

ВОВЕД

На Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, па и пошироко во Република Македонија, единствено Институтот за математика организира докторски студии по математика и примени. Потребите од доктори по математички науки и примени се неоспорни, заради одржувањето на високиот квалитет на наставата по математика на Универзитетите, но и заради примената на новите научни сознанија по математика во другите научни области и праксата.

Со овој Елаборат се предвидуваат измени и дополнувања на веќе постоечката студиска програма на третиот циклус студии по математика. Измените што овде се предлагаат, се состојат воглавно од дополнување на листата изборни предмети од потесното подрачје, како и комплетирање на содржините кои треба да ги има елаборат за студии од трет циклус (точки 1-26 од содржината).

1. Карта на високообразовната установа

Картата на високообразовната установа е дадена во Анекс 3

2. Одлука за усвојување на студиската програма од Наставно научниот совет на единицата, односно Советот на научната установа

Универзитет СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
02-2653/2
07-12-2017

Врз основа на член 63, став 1, алинеја 5 од Законот за високото образование („Сл. Весник на РМ" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016,120/2016 и 127/2016) и член 55, став 1, точка 6 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Природно-математичкиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Наставно-научниот совет на Природно-математички факултет – Скопје, на седницата одржана на 30.11.2017 година, го разгледа предлогот на Институтот за математика при Факултетот и донесе

О Д Л У К А

1. Се усвојува предлогот на Институтот за математика при Факултетот.

2. Се предлага Сенатот на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, да го усвои Предлог-проект за измена, дополнување и реакредитација на студиска програма од трет циклус - докторски студии по математички науки и примени, на предлог на Институтот за математика при Факултетот.

3. Предлог-Проектот за студиската програма од точка 2 на оваа одлука се доставува на усвојување до Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

4. Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Наставно-научниот совет, на Природно-математички факултет – Скопје, на седницата одржана на 30.11.2017 година, постапувајќи по предлогот на Институтот за математика при Факултетот, заради измена, дополнување и реакредитација на студиска програма од трет циклус - докторски студии по математички науки и примени, врз основа на член 63, став 1, алинеја 5, од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 130/2014, 10/2015, 20/2015, 98/2015, 145/2015, 154/2015, 30/2016,120/2016 и 127/2016) и член 55, став 1, точка 6 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Природно-математичкиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесе одлука како во диспозитивот.

Д Е К А Н,

Проф. д-р Ицко Ѓоргоски

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архивата;
- Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
- Продеканот за наставни и студентски прашања;
- Институтот за математика;
- Одделението за студентски прашања;
- Секретарот на Факултетот и
- Раководителот на одделение за општи и правни работи и библиотечно работење.

3. Одлука за усвојување на студиската програма од Универзитетскиот сенат,

Одлуката **за** усвојување на студиската програма од Универзитетскиот сенат е Анекс 6

4. Научно подрачје и поле на студиската програма

НАУЧНО ПОДРАЧЈЕ: 1 (Природно-математички науки)
ПОЛЕ: 109 (Математика)
ОБЛАСТ: 10900, 10901, 10902, 10903, 10904, 10905, 10906, 10907, 10908, 10909, 10910, 10911, 10912, 10913 и 10914 (сите области)

5. Степен на образование

Студиската програма е од **трет циклис на студии**, степен на образование **VIII**.

6. Цел и оправданост на студиската програма

Студиската програма по математика на III циклус студии обезбедува покриеност по математика на највисоко ниво на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Таа е неопходна за одржувањето на високото реноме на универзитетот којшто е единствениот во Република Македонија којшто има самостојни студии по математика од сите степени.

Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје е најстарата наставно-научно установа во Македонија која подготвува кадар од областа на математичките науки во сите степени на образованието: прв циклус академски студии (додипломски студии), втор циклус академски студии (постдипломски студии), и настава трет циклус студии во рамките на Докторски студии на УКИМ.

Освен наставната дејност, од самото формирање, па сé до денес, на Институтот за математика се одвива интензивна научно-истражувачка дејност. Наставниците и соработниците ги следат современите текови во различни математички области преку редовно учество на бројни меѓународни и домашни научни собири, конгреси и специјализирани конференции, публикуваат трудови во реномирани светски и домашни списанија, и учествуваат во научно-истражувачки проекти финансирани од Министерството за образование и наука, но и преку проекти од интернационален карактер.

Природно-математичкиот факултет, преку активностите на Институтот за математика е тесно поврзан со почетоците и натамошните активности на сите организирани дејности од областа на математиката во Република Македонија. Активно помага во издигнувањето на млади математички кадри преку разни школи, натпревари (регионални, државни, меѓународни) и други врвни манифестации (математички олимпијади и сл).

Во својата седумдесет и едногодишна традиција, Институтот за математика има постигнато завидно ниво во научната работа, а ги задржа и високите стандарди во изведувањето на наставата. Досега на Институтот за математика се одбранети над педесет докторски дисертации и околу сто магистерски работи.

Цел на оваа студиската програма е: развивање на способноста на студентот за научна работа, со продлабочување и проширување на неговите знаења и самостојно решавање на зададени проблеми, кои се тема на неговата докторска дисертација. Исто така цел е и оспособување на студентот за идна самостојна навигација низ обемната научна литература .

Цел на оваа студиската програма е и: продлабочување и проширување на општите математички знаења, и развивање на способноста на студентот за комплетно снаоѓање во обемната научна литература, самостојни научни истражувања и

самостојно решавање на проблеми од областа на неговата докторска дисертација. Исто така цел е и оспособување на студентот за идна самостојна научна работа во избраната област.

7. Години и семестри на траење на студиската програма;

Наставата на студиите се реализира за време од 3 години (6 семестри).

8. ЕКТС кредити со кои се стекн ува студентот;

Со звршени докторски студии се стекнуваат180 кредити.

9. Начин на финансирање;

Финансирањето на студиската програма е со самофинансирање на заинтересираните кандидати.

10. Услови за запишување;

Запишувањето на студиите е согласно Законот за високо образование на Република Македонија, Статутот на УКИМ и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус универзитетски студии на УКИМ во Скопје. Покрај овие општи услови, треба да се исполнуваат и **следниве специфични услови за упис на** студиската програма **по математички науки и примени:**

1) да имаат завршени студии од втор циклус студии по математика по:
- математички науки и примени,
- нумеричка оптимизација и апроксимации и
- математичка статистика, актуарска математика и математичко моделирање во економија.

2) да имаат завршени сродни студии од втор степен со евентуално претходно полагање дополнителни испити што ќе ги определи Советот на студиската програма.

11. Структура на студиската програма согласно правилникот за организирање на докторски студии на единицата, број на предвидени предмети и стекнати кредити, како и број на кредити стекнати со изработката на докторскиот труд;

Распределбата на кредитите од студиската програма е следна

1) 24 кредити на предмети од:

- два основни предмети од подрачјето математика
- еден предмет од полето на истражувањето

2) 12 кредити за три изборни предмети за стекнување на општи генерички знаења и вештини кои се избрани од поширока универзитетска листа на предмети
- Извори на математички знаења и нивна примена, кај проф. д-р Ѓорѓи Маркоски;
- Научно истражувачка етика, кај проф. д-р Кирил Темков;
- Матодологија на научно-истражувачка работа, кај проф. д-р Виолета Панзова;
- Создавање на научно дело, кај проф. д-р Виолета Панзова.

Првонаведениот предмет е задолжителен и секој од трите предмети носи по 4 кредити.

3) за учество на докторски семинари, конференции и работилници со презентации **22 кредити**

Семестар	АКТИВНОСТ	Фонд часови Неделно	ЕКТС
Прв	- Основен предмет 1 (се избира од табела 1) - Основен предмет 2 (се избира од табела 1) Три изборни предмети за стекнување генерички знаења	3 3	8 8 3x4=12
Втор	- Предмет од полето на истражувањето (се избира од табела 2) -Самостојно истражување -Презентација на семинар -Презентација на годишна конференција	3	8 16 4 4
Трет	-Самостојно истражување и објавување на резултати - докторски семинар по предмет од потесното подрачје со презентација на работилница		25 5
Четврти	-Подготвување и поднесување на пријава за тема на докторска дисертација и самостојно истражување - Годишна конференција со презентација на извештај		28 2
Петти	Самостојно истражување и објавување на резултати - докторски семинар по предмет од потесното подрачје со презентација на работилница		25 5
Шести	Самостојно истражување и пишување на тезата Годишна конференција со презентација на извештај		28 2

- услов за полагање на предметот од втор семестар се положени двата основни предмети од прв семестар

табела 1. ОСНОВНИ ПРЕДМЕТИ ОД ПОДРАЧЈЕТО

Предмет	Фонд часови Неделно	ЕКТС
1. Топологија за 3. циклус	3	10
2. Анализа за 3. циклус	3	10
3. Алгебра за 3. циклус	3	10
4. Геометрија за 3. циклус	3	10
5. Веројатност и статистика за 3. циклус	3	10

табела 2. ПРЕДМЕТИ ОД ПОЛЕТО НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Предмет	Фонд часови Неделно	ЕКТС
1. Теорија на дистрибуции: производи и конволуции и нивна примена н.н. (*)		
2. Динамички системи н.н.	3	10
3. Теорија на броеви н.н	3	10
4. Топологија (општа или алгебарска) н.н	3	10
5. Диференцијални равенки н.н	3	10
6. Функционална анализа н.н	3	10
7. Комплексна анализа н.н.	3	10
8. Оптимизација н.н.	3	10
9. Теорија на графови н.н.	3	10
10. Внатрешна дефиниција на облик и примени	3	10
11. Прав облик vs Јак облик н.н.	3	10
12. Динамички системи и внатрешен облик н.н.	3	10
13. Одбрани делови од топологија н.н.	3	10
14. Геометрија на Банахови Простори н.н.	3	10
15. Спектрални системи во Банахови алгебри н.н.	3	10
16. Диференцијална геометрија на подмногуобразија н.н.	3	10
17. Комлексни многуобразија н.н.	3	10
18. Операторски диференцијални равенки и обопштени аналитички функции н.н.	3	10
19. Теорија на случајни процеси н.н.	3	10
20. Фази топологија н.н.	3	10
21. Фракционално сметање и примени н.н.	3	10
22. Специјални функции , редови и апроксимации н.н.	3	10
23. Теорија на хармониски функции н.н.	3	10

24. Нелинеарни системи од фракциски ред н.н.	3	10
25. Гранични вредности и конволуции во простори на ултрадистрибуции н.н.	3	10
26. Гранични својства на мероморфни функции н.н.	3	10
27. Дистрибуции и аналитички функции н.н.	3	10
28. Ekvivalencija na razli~ni definicii na oblik н.н.	3	10
29. Нумеричко решавање обични и парцијални диференцијални равенки н.н.	3	10
30. Теорија на еднолисните функции и нејзина примена н.н.	3	10
31. Теорија и примена на диференцијалните субординации н.н.	3	10
32. Динамички системи и хаос н.н.	3	10
33. Фрактална геометрија н.н.	3	10
34. Асимптотска анализа на дистрибуции и нејзина примена н.н.	3	10
35. Обопштени инверзи на оператори н.н.	3	10
36. Математичка логика н.н.	3	10
37. Дискретна математика низ примена на латински квадрати н.н.	3	10
38. Интегрални трансформации на дистрибуции н.н.	3	10
39. Дискретна математика н.н.	3	10
40. Теорија на екстремни вредности н.н.	3	10
41. Напредни линеарни модели н.н.		
42. Полугрупи од линеарни оператори н.н.	3	10
43. Генерализирани полугрупи во локално конвексни простори н.н.	3	10
44. Временско-фреквентна анализа и нејзина примена н.н.	3	10
45. Теорија на рамки н.н.	3	10
46. Стохастичка анализа и примена во финансиска математика н.н.	3	10
47. Тополошки векторски простори. Дистрибуции н.н.	3	10
48. Тополошки векторски простори. Ултрадистрибуции н.н.	3	10
49. Стохастички диференцијални равенки и нивна примена н.н.	3	10
50. Стохастичко програмирање н.н.	3	10

‘) напредно ниво

Забелешка: Листата на Предмети од полето на истражувањето не е конечна. Листата се проширува согласно интересите на студентот, со одобрение на Советот на студиската програма по математика.

СПЕЦИФИЧНИ ПРЕДМЕТИ ОД ПОТЕСНАТА ОБЛАСТ

Почнувајќи од вториот семестар кандидатот може да учествува **на семинари и работилници од потесната област** на докторската дисетација. На семинарите учествува и менторот (коментерот) кој го потврдува активното учество на кандидатот со презентации.

ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА (ИСТРАЖУВАЊЕ).

Изработката на докторската дисертација вкупно носи 120 кредити и опфаќа:

- Пријавување на темата на докторската дисертација по освоени 42 кредита и најмалку 4 кредита од учество на докторски семинар (работилница) .
- Истражување - работа на дисертацијата
- Оценка на дисертацијата
- Јавна одбрана на дисертацијата

По изработката на трудот студентот доставува 9 (девет) примероци од докторската дисертација со барање за формирање на комисија за оценка и одбрана.

Комисијата од претходниот став се состои од пет члена со наставно–научни и научни звања од кои најмалку три се од соодветната научна област во која е темата на магистерскиот труд. Менторот е член на комисијата.

Комисијата е должна да достави до Советот на студиската програма по математика, Извештај и оценка на докторската дисертација.

Кандидатот ги завршува студиите со јавна одбрана. По успешната одбрана на докторската дисертација кандидатот се стекнува со научниот степен Д о к т о р на м а т е м а т и ч к и н а у к и .

12. Податоци за просторот предвиден за реализација на студиската програма;

Институтот за математика **располага со простор** и опрема за реализација на студиската програма. Наставата на студиската програма воглавно се одвива во попладневните часови и во сабота. Институтот за математика располага со амфитеатар, два помали амфитеатри, две предавални, две помали предавални и две компјутерски училни, кои се довони за изведување на наставата, семинарите и испитите.

13. Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма

Институтот за математика располага со амфитеатар, два помали амфитеатри, две предавални, две помали предавални и две компјутерски училни, кои се довони за изведување на наставата, семинарите и испитите.

Институтот за математика **располага со голема библиотека** формирана заедно со Институтот која располага со голем број на книги и периодика. Дел од книгите и трудовите наведени во литературата се наоѓаат во библиотеката.

Институтот за математика е претплатен за пристап од сите компјутери на Институтот на MathSciNet, интернет верзија на најпознатиот реферативен журнал Mathematical Reviews, во кој се реферираат сите математички трудови објавени во релевантните светски часописи (меѓу нив и трите часописи кои се публикуваат на Институтот).

По барање на соодветен професор, Институтот за математика набавува одредена книга или труд потребни за научната работа

14. Предметни програми со информации согласно со правилникот од Одборот за задолжителни компоненти

Дадени во Анекс 1

15. Список на наставен кадар со податоци согласно со правилникот од Одборот за задолжителни компоненти

За реализација на наставната програма се пријавени 26 наставници од Универзитетот Св. Кирил и Методиј , сите со докторати во полето Математика.

Податоците за секој наставник се дадени во Анекс 2

Институт за математика на Природноматематички факултет
Акад Дончо Димовски, редовен професор
д-р Никита Шекутковски, редовен професор
д-р Костадин Тренчевски, редовен професор
д-р Борко Илиевски, редовен професор
д-р Марија Оровчанец, редовен професор
д-р Билјана Крстеска, редовен професор
д-р Живорад Томовски, редовен професор
д-р Весна Манова Ераковиќ, редовен професор
д-р Љупчо Настовски, редовен професор
д-р Валентина Миовска, вонреден професор
д-р Ѓорги Маркоски, вонреден професор
д-р Весна Целакоска Јорданова, вонреден професор
д-р Ирена Стојковска, вонреден професор
д-р Слаѓана Брсакоска, вонреден професор
д-р Мартин Шоптрајанов, доцент
д-р Анета Гацовска Барандовска, доцент

Институт за физика на Природноматематички факултет
д-р Александар Ѓурчиновски, вонреден професор

Институт за математика и физика
на Факултетот за електротехника и информатички технологии
д-р Соња Геговска Зајкова, редовен професор
д-р Билјана Јолевска Тунеска, редовен професор
д-р Катерина Хаџи Велкова Санева, вонреден професор
д-р Весна Андова, доцент
д-р Сања Атанасова, доцент

Институт за математика и физика
на Машински факултет
д-р Никола Тунески, редовен професор
д-р Мирко Петрушевски, доцент

Институт за математика и физика
на Технолошко-металуршки факултет
д-р Павел Димовски, доцент

Институт за теориски основи на информатика
и пресметковно инженерство
на Факултетот за информатички науки
и компјутерско инжинерство
д-р Верица Бакева, редовен професор
д-р Марија Михова, професор
д-р Билјана Тојтовска, доцент

Градежен факултет
д-р Даниел Велинов, доцент
д-р Зоран Мисајлески

16. Изјава од наставникот за давање согласност за учество во изведување на настава по одредени предмети од студиската програма;

Дадена во Анекс 4

17. Согласност од високообразовната установа за учество на наставникот во реализацијата на студиската програма;

Дадена во Анекс 5

18. Информација за бројот на ментори;

На студиската програма се акредитирани 12 ментори , 10 од Универзитетот Св. Кирил и Методиј, еден од Универзитетот во Љубљана и еден од Универзитетот во Нови Сад.

19. Информација за бројот на студенти за запишување во првата година на студиската програма;

Оптимален број запишани студенти со оглед на просторот, опремата и бројот на наставен кадар. **15**

20. Информација за бројот на наставници во полето односно областа од научноистражувачкото подрачје неопходни за организирање на докторски студии;

За реализација на наставната програма се пријавени 30 наставници од Универзитетот Св. Кирил и Методиј. **Од нив 16 се на Институтот за математика на Природно-математички факултет**, кој е организатор на програмата.

21. Информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература;

Институтот за математика **располага со голема библиотека** формирана заедно со Институтот која располага со голем број на книги и периодика. Дел од книгите и трудовите наведени во литературата се наоѓаат во библиотеката.

Институтот за математика е претплатен за пристап од сите компјутери на Институтот на MathSciNet, интернет верзија на најпознатиот реферативен журнал Mathematical Reviews, во кој се реферираат сите математички трудови објавени во релевантните светски часописи (меѓу нив и трите часописи кои се публикуваат на Институтот).
По барање на соодветен професор, Институтот за математика набавува одредена книга или труд потребни за научната работа.

22. Информација за веб страница;

Школа за докторски студии http://www.ukim.edu.mk/
Институт за математика http://im.ukim.mk/

23. Информација за реализација на научноистражувачки проекти со кои се опфатени најмалку 20% од наставниот кадар;

Македонско-хрватски проект Фундирање на Теоријата на облици
финансиран од Министерството за наука и образование
Учесници:
Проф. д-р Никита Шекутковски, раководител од македонска страна,
д-р Ѓорги Маркоски, доцент
д-р Мартин Шоптрајанов, доцент
д-р Бети Андоновиќ, доцент

Проект на МАНУ
Геометриско-тополошки и алгебарско-комбинаторни проблеми и примени
Учесници: Проф. д-р Дончо Димовски,
д-р Валентина Миовска, вонреден професор
д-р Весна Целакоска, доцент

Македонско-австриски проект
финансиран од Министерството за наука и образование
Учесници:
Проф. д-р Живорад Томовски, раководител од македонска страна,

24. Научниот назив со кој се стекнува студентот по завршување на студиската програма;

Кандидатот ги завршува студиите со јавна одбрана на докторската дисертација и се стекнува со научниот степен:

Доктор по математички науки

Англиски назив:

Doctor of Mathematical Sciences

25. Обезбедена меѓународна мобилност на студентите;

Преку аплицирање на програмите за студентска мобилност (Erasmus, Socrates, Da Vinci, Ceepus и др.), а во согласност правилата за мобилност на студентите на УКИМ, со пренос на ЕКТС кредити од ова студиска програма, може да се оствари продолжување и завршување на докторските студии на други високообразовни институции каде има сродна студиска програма ќе се реализира
Мобилноста – учество на конференции и семинари се обезбедува и преку научноистражувачку проекти, чии раководители се менторите, а студентите се вклучени во нив.

26. Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата.

За развивање и одржување на квалитетот и контрола на наставата, ќе се спроведува преку евалуација согласно Законот за високо образование, и тоа: надворешна евалуација, самоевалуација, како и систем за оценување на квалитетот на наставниот кадар.
Надворешната евалуација ја врши Агенцијата за акредитација и евалуација на високото образование на РМ за што поднесува соодветни извештаи.
Самоевалуација ја врши Комисијата за самоевалуација на Институтот за математика / Природно-математички факултет во интервали од најмногу три години, за што поднесува соодветни извештаи. Во постапката за самоевалуација се зема предвид и оценката од страна на студентите.
Обезбедувањето и одржувањето квалитет и контролата на квалитетот на оваа студиска програма ќе бидат спроведувани во согласност со активностите и механизмите кои се спроведуваат за сите студиски програми и се однесуваат на сите учесници во наставниот процес.
Евалуација од страна на студентите на секој предмет, како и за студиската програма воопшто, ќе се реализира постојано и ќе биде земена предвид при евалуацијата и развојот на студиската програма .

27. Дескриптори на квалификации стекнати со студиската програма

Со завршувањето на студиите и добивањето на титулата доктор на математички науки ќе можат да предаваат математички предмети на универзитетско ниво. Но исто така ќе биде потврдена нивната способност за самостојно решавање на проблеми од математичка природа кои се појавуваат во практиката.
Подолу се наведени општите дескриптори на квалификациите за трет циклус студии (1а) и специфичните дескриптори на квалификацијата со кои се одредуваат резултатите од учењето за поединечна студиска програма (1б), согласно со Уредбата за националната рамка на високо-образовните квалификации (Службен весник на РМ бр. 154 од 30.11.2010 год.)

Ниво во Националната рамка на високообразовните квалификации	VIII
Високо образование	Трет циклус студии Докторски академски студии 180 кредити
Поранешен степен	
Ниво во Европската рамка на високообразовни квалификации	8

Квалификации кои означуваат успешно завршување на третиот циклус студии на студиската програма математички науки и примени (180 ЕКТС кредити) се доделуваат на лице што ги исполнува следниве дескриптори на квалификациите.

Општи дескриптори на квалификациите

Знаења и разбирање	Покажува продлабочени знаења и разбирања во одредена научна област од математиката, којашто е надградена врз претходното образование и обука. Тука се опфатени и познавања на теоретски, практични, концептуални, компаративни и критички перспективи во научната област. Разбирање на одредена научна област и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење. Покажува знаење и разбирање за примената на разни методологии при изучувањето на соодветната научна област.
Примена на знаењето и разбирањето	Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата. Покажува компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми во научното поле математика.
Способност за проценка	Способност за прибирање, анализирање, оценување и презентирање информации, идеи, концепти добиени од релевантни податоци. Донесување соодветна проценка земајќи ги предвид научните и етичките аспекти. Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение.
Комуникациски вештини	Способност да комуницира и дискутира со стручната јавност за информации, идеи, проблеми и решенија на проблемите, кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани. Способност за соработка и тимска работа, при што презема поделена одговорност за колективните резултати. Способност за самостојно учество со професионален пристап во научни и стручни дискусии.
Вештини на учење	Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност.

Специфични дескриптори на квалификацијата

Знаења и разбирање	Основна цел на студиската програма математички науки и примени е: • запознавање со основите на клучните математички дисциплини и врските меѓу различни области од математиката. • разбирање на различни степени на математичка апстракција, развивање на способност за самостојно решавање на проблеми. • висок степен на развој на апстрактното и логичкото мислење. • стекнување теоретска подлога за усвојување на напредни и сложени математички теории. • примена на стекнатите знаења при решавање на проблеми од практиката, особено во оние во кои се бара креирање на математички модел на проблемот. • примена на претходно стекнати способности (прв циклус) за програмирање и нивна примена при решавање на апликативни математички проблеми. • презентирање и анализа на добиените резултати при решавањето на проблемите Студентите што ќе се стекнат со звањето магистер по математички науки и примени можат да работат во високото, средното и основното образование, во научни институции и во институции каде што е потребна примена на математиката.
Примена на знаењето и разбирањето	Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата, односно професијата. Покажува компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми во предметните научни области. Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на полето на студирање.
Способност за проценка	Способност за прибирање, анализирање, оценување и презентирање информации, идеи и концепти добиени од релевантни податоци. Донесување соодветна проценка земајќи ги предвид научните, општествените и етичките аспекти. Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение.
Комуникациски вештини	Способност да комуницира и дискутира, и со стручната и со нестручната јавност, за информации, идеи, проблеми и решенија кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани. Презема поделена одговорност за колективни резултати. Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични, научни и интердисциплинарни дискусии.
Вештини на учење	Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност.

28. Реализација на студиската програма

Докторските студии на студиската програма ги раководи Раководителот на студиската програма и Советот на студиската програма.

Критериуми за член на советот студиската програма по математички науки и примени:

1) да бил барем еднаш акредитиран ментор на студиската програма по математички науки и примени,
2) да е доктор на математички науки и да е член на институт или катедра по математика на соодветниот факултет при УКИМ, ако таква катедра постои.

Извор на финансирање на студиите се уплатите на пријавените кандидати за покривање на трошоците на студиите. Трошоци за студиите изнесуваат 710 евра за семестар.
Вкупните средства кои ги уплаќа студентот се предвидени за: Школата за докторски студии, Факултетот и Институтот кои се предлагачи на студиската програма, Раководителот на студиската програма, за обуката за истражување (генерички предмети), за едукацијата организирана од студиската програма (основни предмети и предмети од областа на истражувањето), како и средства за менторот (и коменторот), средства за комисијата за оцена на темата, средства за комисијата за оцена на дисертацијата, и средства за комисијата за одбрана.Од вкупната сума предвидена за менторот се исплаќаат средствата за семинарите и годишните конференции.

29. Извештај од 34-та седница на одборот за соработка и доверба со јавноста на Природно-матемтичкиот факултет во Скопје

ИЗВЕШТАЈ ОД XXXIV СЕДНИЦА НА ОДБОРОТ ЗА СОРАБОТКА И ДОВЕРБА СО ЈАВНОСТА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ, ОДРЖАНА НА 30.11.2017 ГОДИНА

Седницата се одржа на 30 ноември 2017 година во Библиотеката на Институтот за математика при Факултетот, ул. Архимедова бр. 3 (ПМФ горна зграда, стар дел, соба бр.67), со почеток во 11:30 часот. Поканата за состанок со предлог-дневниот ред и материјалите за седницата беа пратени по е-пошта до сите (7) членови на Одборот.

На седницата присуствуваше проф. д-р Весна Целакоска-Јорданова и проф. д-р Наце Стојанов, според евидентниот лист кој е составен дел од извештајот, а кои се изјаснија позитивно во врска со сите точки од дневниот ред. Пет членови од Одборот го најавија своето отсуство преку електронска пошта (проф. д-р Виктор Стефов, Владимир Пасинечки, д-р Весна Петреска, д-р Ѓорѓи Петрушевски и г-н Владо Блажевски). Притоа, секој од нив, по разгледувањето на доставените материјали за седницата даде позитивно мислење по сите точки од дневниот ред. Материјалите по точките, евидентниот лист и материјалот од електронското изјаснување, се составен дел на Извештајот од оваа седница и се наоѓаат во Архивата на Факултетот.

На седницата не присуствуваа претставници од Собранието на Република Македонија и Собранието на град Скопје (кои сé уште не се предложени). Покрај тоа, во фаза на замена (за кои се очекуваат предлози за нови членови на Одборот) се претставниците од: МОН, Советот на општина Гази Баба, Пивара АД Скопје и Агенцијата за планирање на просторот.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИ"
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
04.12.2017
02-2699/2

За редовната XXXIV седница беше предложен на усвојување следниов:

ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Извештајот од XXXIII седница на Одборот одржана на 1.11.2017 година.
2. Донесување мислење за Предлог-проектот за измени, дополнувања и реакредитација на студиската програма од трет циклус студии по Математички науки и примени на предлог на Институтот за математика при Факултетот. (Прилог: дел од елаборатот.)
3. Донесување мислење за пријавување билатерален македонско-австриски научно-истражувачки проект, под наслов:

   А. „МОЛЕКУЛАРНА ФИЛОГЕНИЈА, ДИВЕРЗИТЕТ И ЕКОЛОГИЈА НА СЕЛЕКТИРАНИ РОДОВИ БОЛЕТОИДНИ ГАБИ (BOLETUS, SUILLUS, HEROCOMUS) ОД МАКЕДОНИЈА И АВСТРИЈА", кој од македонска страна, ќе се работи под раководство на доц. д-р Катерина Русевска, а ќе се организира во соработка со Институтот за микробиологија, Универзитет Инсбрук, Р. Австрија, на предлог на Институтот за биологија при Факултетот;

   Б. „ПРЕНОС НА ПОЛНЕЖИ ВО МОЛЕКУЛСКИ КЛАСТЕРИ: МОДЕЛИ И СИМУЛАЦИИ", (CHARGE TRANSPORT IN MOLECULAR CLUSTERS: MODELS AND SIMULATIONS), кој од македонска страна, ќе се работи под раководство на проф. д-р Ирина Петреска, а од австриска страна, под раководство на Клеменс Хајтцингер (Clemens Heitzinger), од Техничкиот Универзитет во Виена, Р. Австрија, на предлог на Институтот за физика при Факултетот.

   В. „МОЛЕКУЛИ ВО НАНОКАФЕЗИ И НАНОРЕАКТОРИ. ДИНАМИКА, СПЕКТРОСКОПСКИ СВОЈСТВА И РЕАКТИВНОСТ ПРЕКУ ХИБРИДЕН СТАТИСТИЧКО ФИЗИЧКИ – КВАНТНОМЕХАНИЧКИ ПРИСТАП", (MOLECULES IN NANOCAGES AND NANOREACTORS. DYNAMICS, SPECTROSCOPIC PROPERTIES AND REACTIVITY FROM A HYBRID STATISTICAL PHYSICS – QUANTUM MECHANICAL APPROACH), кој од македонска страна, ќе се работи под раководство на проф. д-р Љупчо Пејов, а од австриска страна, под раководство на проф.д-р Michael Probst од Institute for Ion Physics and Applied Physics, University of Innsbruck, Р. Австрија, на предлог на Институтот за хемија при Факултетот.

ТОЧКА 3

Одборот донесе позитивно мислење за за пријавување билатерален македонско-австриски научно-истражувачки проект, под наслов:

А. „МОЛЕКУЛАРНА ФИЛОГЕНИЈА, ДИВЕРЗИТЕТ И ЕКОЛОГИЈА НА СЕЛЕКТИРАНИ РОДОВИ БОЛЕТОИДНИ ГАБИ (BOLETUS, SUILLUS, HEROCOMUS) ОД МАКЕДОНИЈА И АВСТРИЈА", кој од македонска страна, ќе се работи под раководство на доц. д-р Катерина Русевска, а ќе се организира во соработка со Институтот за микробиологија, Универзитет Инсбрук, Р. Австрија, на предлог на Институтот за биологија при Факултетот;

Б. „ПРЕНОС НА ПОЛНЕЖИ ВО МОЛЕКУЛСКИ КЛАСТЕРИ: МОДЕЛИ И СИМУЛАЦИИ", (CHARGE TRANSPORT IN MOLECULAR CLUSTERS: MODELS AND SIMULATIONS), кој од македонска страна, ќе се работи под раководство на проф. д-р Ирина Петреска, а од австриска страна, под раководство на Клеменс Хајтцингер (Clemens Heitzinger), од Техничкиот Универзитет во Виена, Р. Австрија, на предлог на Институтот за физика при Факултетот.

В. „МОЛЕКУЛИ ВО НАНОКАФЕЗИ И НАНОРЕАКТОРИ. ДИНАМИКА, СПЕКТРОСКОПСКИ СВОЈСТВА И РЕАКТИВНОСТ ПРЕКУ ХИБРИДЕН СТАТИСТИЧКО ФИЗИЧКИ – КВАНТНОМЕХАНИЧКИ ПРИСТАП", (MOLECULES IN NANOCAGES AND NANOREACTORS. DYNAMICS, SPECTROSCOPIC PROPERTIES AND REACTIVITY FROM A HYBRID STATISTICAL PHYSICS – QUANTUM MECHANICAL APPROACH), кој од македонска страна, ќе се работи под раководство на проф. д-р Љупчо Пејов, а од австриска страна, под раководство на проф.д-р Michael Probst од Institute for Ion Physics and Applied Physics, University of Innsbruck, Р. Австрија, на предлог на Институтот за хемија при Факултетот.

ТОЧКА 4

Одборот донесе позитивно мислење за соработка со Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници од Скопје, за организирање предавања во Скопје, на проф. д-р Лора Аугустин, од Универзитетот Нојшател, Швајцарија, на предлог на Институтот за етнологија и антропологија при Факултетот.

ТОЧКА 5

Одборот донесе позитивно мислење за студиски престој на:

- проф. д-р Винета Вуксановиќ, проф. д-р Зорица Лека, д-р Дијана Вујошевиќ и асист. м-р Гордана Касом, како дел од билатералниот проект со Р. Црна Гора, кој се работи под раководство на проф. д-р Џоко Кунгуловски, во период од 07.11.2017 година до 10.11.2017 година, на Институтот за биологија при Факултетот.
- Блаж Андолшек, студент на втор циклус студии на Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија, во рамки на програмата Erasmus+, во летниот семестар, во академската 2017/2018 година, на Институтот за етнологија и антропологија при Факултетот.
- д-р Никола Миновски, научен соработник од Националниот институт за хемија во Љубљана, Р. Словенија, во рамки на билатералниот македонско-словенечки проект, во период од 20.11.2017 година до 25.11.2017 година, на Институтот за хемија при Факултетот.
- д-р Радојко Јаќимовиќ и д-р Векослава Стибиљ, од Институтот Јожеф Штефан од Љубљана, Р. Словенија, во рамки на билатералниот македонско-словенечки проект, во период од 11.12.2017 година до 15.12.2017 година, на Институтот за хемија при Факултетот.

4. Донесување мислење за соработка со Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници од Скопје, за организирање предавања во Скопје, на проф. д-р Лора Аугустин, од Универзитетот Нојшател, Швајцарија, на предлог на Институтот за етнологија и антропологија при Факултетот.
5. Донесување мислење за студиски престој на:

   - проф. д-р Винета Вуксановиќ, проф. д-р Зорица Лека, д-р Дијана Вујошевиќ и асист. м-р Гордана Касом, како дел од билатералниот проект со Р. Црна Гора, кој се работи под раководство на проф. д-р Џоко Кунгуловски, во период од 07.11.2017 година до 10.11.2017 година, на Институтот за биологија при Факултетот.

   - Блаж Андољшек, студент на втор циклус студии на Универзитетот во Љубљана, Р. Словенија, во рамки на програмата Erasmus+, во летниот семестар, во академската 2017/2018 година, на Институтот за етнологија и антропологија при Факултетот.

   - д-р Никола Миновски, научен соработник од Националниот институт за хемија во Љубљана, Р. Словенија, во рамки на билатералниот македонско-словенечки проект, во период од 20.11.2017 година до 25.11.2017 година, на Институтот за хемија при Факултетот.

   - д-р Радојко Јаќимовиќ и д-р Векослава Стибиљ, од Институтот Јожеф Штефан од Љубљана, Р. Словенија, во рамки на билатералниот македонско-словенечки проект, во период од 11.12.2017 година до 15.12.2017 година, на Институтот за хемија при Факултетот.
6. Донесување мислење за избор во наставно-научно звање на Природно-математичкиот факултет во Скопје за:

   А) Д-р Славчо Христовски, вонреден професор на Институтот за биологија, во звањето **редовен професор**, согласно Конкурсот објавен во јавните гласила „Нова Македонија“ и „Коха“ од 30.06.2017 година. (Прилог: Билтен на УКИМ бр. 1157 од 15 ноември 2017 година.)

   Б) Д-р Ана Ашталковска Гајтаноска, доцент на Институтот за етнологија и антропологија, во звањето **вонреден професор**, согласно Конкурсот објавен во јавните гласила „Нова Македонија“ и „Коха“ од 20.06.2017 година. (Прилог: Билтен на УКИМ бр. 1156 од 1 ноември 2017 година.)

   В) Д-р Александра Цветкоска, д-р на биолошки науки, во звањето **насловен доцент**, согласно Конкурсот објавен во јавните гласила„Нова Македонија“ и „Коха“ од 20.06.2017 година. (Прилог: Билтен на УКИМ бр. 1155 од 16 октомври 2017 година.)

   Г) м-р Христина Димеска, помлад асистент на Институтот за географија, во звањето **асистент**, согласно Конкурсот објавен во јавните гласила„Нова Македонија“ и „Коха“ од 26.08.2017 година. (Прилог: Билтен на УКИМ бр. 1155 од 16 октомври 2017 година.)

   Д) м-р Горан Китевски, помлад асистент на Институтот за географија, во звањето **асистент**, согласно Конкурсот објавен во јавните гласила „Нова Македонија“ и „Коха“ од 26.08.2017 година. (Прилог: Билтен на УКИМ бр. 1157 од 15 ноември 2017 година.)

ТОЧКА 1

Извештајот од XXXIII седница на Одборот одржана на 1.11.2017 година беше едногласно усвоен.

ТОЧКА 2

